**20110661729**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 11 став (4), член 13 став (3), член 14 став (3) од Законот за селекционерски права (“Службен весник на Република Македонија” бр.52/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИОНЕРСКОТО ПРАВО И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИОНЕРСКОТО ПРАВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за постапката на поднесување на пријавата, за проверка на пријавата, за доделување на селекционерско право, донесување на решение и за годишен надоместок за одржување на правото.

Член 2

Висината на трошоците за проверка на пријавата, издавање на решение за доделување на селекционерското право и објавување на решението во „Службен весник на Република Македонија“ изнесува 200 евра.

Член 3

Висината на надоместокот за одржување на селекционерското право, кој носителот на правото го плаќа годишно изнесува:

-За првата, втората и третата година - 35 евра годишно.
-За четвртата година - 40 евра.
-За петтата година - 45 евра.
-За шестата година - 55 евра.
-За седмата година - 60 евра.
-За осмата година - 65 евра.
-За деветтата година - 75 евра.
-За десеттата година - 80 евра.
-За единаесеттата година - 85 евра.
-За дванаесеттата година - 95 евра.
-За тринаесеттата година - 100 евра.
-За четиринаесеттата година - 110 евра.
-За петнаесетата година и за секоја наредна година до крајот на траењето на селекционерското право - 150 евра.

Член 4

Трошоците од член 2 и надоместокот од член 3 од овој правилник се уплаќаат во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 18-90/3
4 мај 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.